Врз основа на член 48 став 1 точка 3 и член 68 став 3 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21) и точка 70 став 3 од Одлуката за методологијата за управување со ликвидносниот ризик („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 146/20 и 57/23), гувернерката на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

**У П А Т С Т В О**
**за изменување и дополнување на Упатството за спроведување на Одлуката за методологијата за управување со ликвидносниот ризик („Службен весник на Република Северна Македонија" бр 208/23)**

1. Во Упатството за спроведување на Одлуката за методологијата за управување со ликвидносниот ризик („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 314/20), во точката 55, потточка 55.1, зборовите: „2 и 3" се заменуваат со зборовите: „2, 3 и 4".

Во потточката 55.7.1, алинејата 2 се менува и гласи:

„Во редот бр. 2.5.1.2 „нефинансиски лица" се внесува износот на преземените вонбилансни обврски за кредитирање на нефинансиските лица, со исклучок на физичките лица и на малите друштва коишто се дел од портфолиото на мали кредити и ги исполнуваат условите од точката 42 став 1 алинеја 2 од Одлуката;".

Во потточката 55.7.2, алинејата 2 се менува и гласи:

„Во редот бр. 2.5.2.2 „нефинансиски лица" се внесува износот на преземените вонбилансни обврски за ликвидносна поддршка на нефинансиските лица, со исклучок на физичките лица и на малите друштва коишто се дел од портфолиото на мали кредити и ги исполнуваат условите од точката 42 став 1 алинеја 3 од Одлуката;".

2. Извештајот за паричните одливи (образец ВПО) се заменува со нов образец којшто е составен дел на ова упатство.

3. Со влегувањето во сила на ова упатство престанува да важи Упатството за изменување и дополнување на Упатството за спроведување на Одлуката за методологијата за управување со ликвидносниот ризик („Службен весник на Република Северна Македонија" 75/23).

4. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**У бр. 02-32628/1**
**3 октомври 2023 година** — **Гувернер**
**Скопје** — **д-р Анита Ангеловска-Бежоска**